Бр. 09-981/3
16.7.2025 г.
Скопје

Врз основа на член 4 и член 5 од Правилникот за доделување финансиски средства за објавени научни трудови, индексирани во базите Web of Science на Clarivate Analytics или Scopus на Elsevier (арх. бр. 02-521/21 од 24.4.2023 год.), Комисијата за наука на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје објавува

**Конкурс**
**за доделување финансиски средства за објавени престижни научни трудови, индексирани во базите Web of Science на Clarivate Analytics или Scopus на Elsevier за 2024 година**

1. Со овој Конкурс се доделуваат финансиски средства за објавени престижни научни трудови, индексирани во базите Web of Science на Clarivate Analytics или Scopus на Elsevier, за 2024 година:
   - се доделуваат средства за објавени 20 престижни научни труда од секое научно подрачје: (1) природно-математички науки, (2) техничко-технолошки науки, (3) медицински и здравствени науки, (4) земјоделски и ветеринарни науки, (5) општествени науки и (6) хуманистички науки;
   - за научните подрачја од 1 до 6, се доделуваат средства доколку трудот е индексиран во базата на Web of Science на Clarivate Analytics. За научното подрачје 6, средства може да се доделат и за трудови индексирани во базата Scopus на Elsevier, доколку не е достигнат бројот од 20 поддржани публикации, со претходниот приоритет во даденото научно подрачје;
   - доколку во одредено научно подрачје нема потребен број трудови (20), средствата што остануваат се распределуваат рамномерно по другите научни подрачја;
   - доколку во одредено научно подрачје има пријавено за финансирање поголем број трудови, при изборот на трудови се зема предвид висината на факторот на влијание по научни подрачја/полиња;
   - предложените трудови задолжително ја содржат точната припадност (афилијација) на Универзитетот: Ss. Cyril and Methodius University in Skopje;
   - научните трудови треба да се внесени во Репозиториумот на УКИМ;
   - научни трудови објавени во изданија публикувани од издавачките куќи MDPI и Frontiers, не се поддржуваат.
2. Право на учество на Конкурсот имаат лица избрани во наставно-научни и научни звања, кои се во работен однос на факултетите и институтите во состав на

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Средствата за објавени престижни научни трудови може да се доделат и на лица избрани во соработнички звања (асистенти, асистенти-истражувачи и асистенти-докторанди), кои се во работен однос на Универзитетот.

3. Кандидатите за доделување финансиски средства, **најдоцна до 12.9.2025 година, до продеканот за наука, односно лицето одговорно за наука во единицата од соодветната научна област (соодветното научно поле)**, треба да доставaт во печатена и електронска форма:

- пополнет образец за секој престижен труд со кој аплицираат и е објавен во периодот од 1.1.2024 до 31.12.2024 година. Образецот е составен дел од Конкурсот. Образецот се генерира и печати преку е-форма, на следниот **линк**.

4. Согласно со условите наведени во член 11 од Правилникот, финансиските средства ќе бидат доделени за научни трудови кои не се поддржани од Министерството за образование и наука.

5. Во постапката за избор, секоја единица треба:

- да изврши евалуација на поднесената документација од сите пријавени кандидати и да селектира најмногу 20 труда од единицата;
- да определи свој претставник во селекционата комисија за своето научно поле (доколку за тоа има потреба).

6. Висината на доделени финансиски средства за објавен научен труд ќе се определи согласно со средствата кои се на располагање за оваа намена, од Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот.

7. Рокот за доставување на пријавите до Комисијата за наука е заклучно со **19.9.2025 година, преку архива и на електронската адреса: odd.nauka@ukim.edu.mk.**

Постапката на евалуација на доставените пријави се реализира во согласност со Правилникот, а врз основа на критериумите за доделување средства за објавени престижни научни трудови.

**Претседател на Комисијата за наука на
Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Проф. д-р Валентина Гечевска,
проректор за наука**

**Образец 1**[1]

# ПРИЈАВА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД ИНТЕГРАТИВНИТЕ ФУНКЦИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ОБЈАВЕН ПРЕСТИЖЕН НАУЧЕН ТРУД,

индексиран во базите Web of Science на Clarivate Analytics или Scopus на Elsevier

| | |
|---|---|
| Научен труд | Наслов: |
| | Комплетен назив на научниот труд – Harvard referencing style[2]: |
| | Линк до научниот труд: |
| | DOI |

| | |
|---|---|
| Подносител на трудот | Име и презиме, звање: |
| | Research Gate |
| | Google Scholar |
| | ORCID |
| Единица | |
| Научно подрачје/поле во кое е објавен трудот | |

| | |
|---|---|
| Автори на трудот | |
| Дали трудот е дел од научен проект (да/не) и кој | |
| Фактор на влијание: IF на Web of Science | |
| Научно списание каде што е објавен трудот | Наслов: |
| | Линк: |
| Научното списание е публикувано од издавачката куќа (наведете ја издавачката куќа) | |
| Open access (да/не) | |

[1] Образец 1 се поднесува за секој пријавен труд.
[2] Harvard reference structure and example: Author Surname, Initials. (Publication Year) 'Article title', Newspaper/Magazine Name, Day Month Published, Page(s). Available at: URL or DOI (Accessed: date)

| | |
|---|---|
| Година на објавување | |

| | |
|---|---|
| Афилијација употребена во трудот | |
| Репозиториум на научни и уметнички трудови на УКИМ (линк) | |

Подносител

Датум:________ Проф. д-р ______________________